МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

# АНТИКОРУПЦИСКА ПРОГРАМА ЗА 2026-2028 ГОДИНА

СТОП
КОРУПЦИЈА

СКОПЈЕ, ЈАНУАРИ 2026

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Ев.број 14 2.2 - 32/2
28.01.2026 година
Скопје

Корупцијата претставува една од најсериозните општествени појави која негативно влијае врз развојот на државата и квалитетот на животот на граѓаните. Таа е динамична појава која има многу форми и се поврзува со различни економски, правни, политички, социолошки и други фактори. Негативните ефекти од корупцијата се големи и се протегаат низ јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор. Коруптивното постапување на работниците ја намалува довербата во институциите, ефикасното користење на јавните ресурси и претставува закана за демократијата и остварувањето на човековите права.

Борбата против корупцијата е од суштинско значење за градење на праведно и демократско општество. Во таа насока, Владата на Република Северна Македонија посветува големо внимание на процесот на градење на стандарди и принципи за превенција во борбата против корупцијата, развој на демократијата, владеењето на правото, успешно справување со сите видови на криминал и криминално однесување, вклучително и сите облици на организиран криминал.

Основни цели на Министерството за внатрешни работи во борбата против корупцијата се нејзино намалување и постигнување на антикорупциска култура кај работниците, градење на интегритетот на работниците во Министерството согласно европските стандарди, подигнување на свеста на работниците преку соодветни обуки, отстранување на условите за постоење на корупција во Министерството и непрофесионалното постапување и воспоставување на посакуваните етички стандарди.

Од особена важност е активното учество на граѓаните кои преку пријавување на случаите за корупција ќе придонесат во борбата против корупцијата.

Министерството за внатрешни работи со својата проактивна борба против корупцијата и нејзина апсолутна неприфатливост, гради контролни механизми, мерки и активности со кои ќе го намали просторот за коруптивно постапување на работниците во Министерството, како и откривање и соодветно санкционирање на секој конкретен случај.

Борбата против корупција е стратешки приоритет на Министерството за внатрешни работи. Со цел имплементирање на принципот на „нулта толеранција" за корупцијата во редовите на Министерството и посветени на ефективната борба

против криминалот и корупцијата, ја изработивме оваа Антикорупциска програма која претставува една од алатките за превенција, преку која Министерството ќе се бори да обезбеди значително намалување на просторот за коруптивно делување и ќе претставува гаранција за ефикасното и ефективното работење на Министерството.

Со цел остварување на стратешкиот приоритет потребно е секој работник да манифестира висок степен на интегритет во работењето, да знае да ги препознае облиците на корупција и да поседува способност да се спротивстави на корупцијата.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во име на Министерството за внатрешни работи за периодот 2026-2028 година, ја донесува следнава:

# АНТИКОРУПЦИСКА ПРОГРАМА

## 1. ЦЕЛ:

Донесувањето на Антикорупциската програма произлегува од потребата за зајакнување на интегритетот, транспарентноста и отчетноста во работењето на Министерството, како и од обврската за усогласување со важечката законска регулатива и меѓународните стандарди за спречување на корупцијата. Со оваа програма, се потенцира обврската на сите раководни лица и работници при извршување на работните задачи да постапуваат согласно правилата, прописите и професионалните стандарди кои се применуваат во Министерството.

Програмата промовира почитување на етичките норми, професионалноста и личната одговорност, како и свесност за штетните последици од коруптивното постапување врз институцијата и општеството во целина.

Борбата против корупцијата на ниво на Министерството за внатрешни работи подразбира постоење и соработка на Министерството со другите министерства, државни органи и институции за борба против корупцијата и криминалот воопшто. Соработката треба да служи како основа и водечка сила на институциите во борба против корупцијата. Во таа насока неопходно е постоење на функционална поврзаност помеѓу сите субјекти задолжени за борба против корупцијата, со цел размена на информации за исполнување на обврските при неселективна борба против корупцијата.

Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ја дефинира корупцијата како „злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг".

## 2. РИЗИЦИ:

Ризиците од корупција го претставуваат било кој вид внатрешна или надворешна слабост или процес кој може да претставува можност за појава на корупција во рамките на Министерството. Истите се одразуваат преку прекршување на стандардните оперативни процедури, злоупотреба на службената должност или пречекорување на полициските овластувања поради директно или индиректно понудена, дадена, побарана, прифатена или очекувана корист, за себе или за некој друг.

Најчести ризици од корупција се:

- Внатрешни ризици од корупција

Тоа се ризици кои произлегуваат од работењето на Министерството, односно, непочитувањето на законските и подзаконските регулативи од страна на работниците, несоодветно управување со човечки ресурси, несоодветни услови за работа, нетранспарентност во работењето, несоодветен систем на управување со документација и премногу дискрециони овластувања на работниците;

- Надворешни ризици од корупција

Тоа се ризици кои произлегуваат од недостаток на меѓуинституционална соработка и непостоење на политики, законски и подзаконски регулативи во одредена област;

- Индивидуални ризици од корупција

Тоа се ризици кои може да влијаат поединците да пристапат кон коруптивно или неетичко постапување: недостаток на интегритет, несоодветен надзор врз работата, судир на интереси, притисоци на работното место, култура на однесување.

## 3. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

Во наредниот период, антикорупциските активности ќе бидат насочени кон унапредување на професионалноста, законитоста во работењето и унапредување на интегритет на работниците во Министерството преку доследно почитување на законската и подзаконската регулатива, превенирање како и санкционирање на сите форми на корупција во Министерството за внатрешни работи.

За намалување на можноста од злоупотреби и незаконито постапување, потребна е поголема транспарентност, за што Министерството за внатрешни работи посветува големо внимание.

Имајќи го предвид наведеното, во Антикорупциската програма на Министерството за внатрешни работи 2026-2028 година посебно внимание ќе биде посветено на:

- јакнење на интегритетот, одговорност во работата и создавање доверба на граѓаните во институцијата;
- доследно почитување на Етичкиот кодекс за однесување на работниците во Министерството;
- превентивно дејствување со цел намалување на ризиците за корупција;
- репресијата како алатка за санкционирање на корупцијата и останатите злоупотреби на овластувањата;
- развивање на висока свест кај работниците во Министерството за штетноста од корупцијата;
- отстранување на корупцијата од средината во која живееме и работиме, преку сопствени примери да влијаеме на останатите работници во Министерството за внатрешни работи.

**Во контекст на наведеното како приоритетни цели за 2026-2028 година се определуваат:**

1. Јакнење на полицискиот интегритет и подигнување на етичката свест на работниците преку доследно почитување на законската и подзаконската регулатива;
2. Спречување на незаконито, непрофесионално и неетичко постапување на работниците во Министерството;
3. Спроведување на мерките и активностите предвидени во Акцискиот план за спроведување на Планот за интегритет;
4. Почитување на законската обврска за деполитизација на работниците во Министерството;
5. Почитување на законската и подзаконската регулатива во постапките за вработување, распоредување и унапредување во Министерството;
6. Почитување на законската обврска за пријавување на имот/интереси од страна на работниците во Министерството;
7. Континуирана и специјализирана обука на работниците во Министерството;
8. Унапредување на соработката со органите на државната управа и институциите, невладините и меѓународни организации надлежни за спречување и борба против корупцијата;
9. Соодветна примена на дискреционите овластувања од страна на работниците во Министерството;

10. Транспарентност на Министерството;

11. Спроведување на внатрешни контроли од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди и

12. Дигитализација на работните процеси во Министерството.

## 3.1. ЈАКНЕЊЕ НА ПОЛИЦИСКИОТ ИНТЕГРИТЕТ И ПОДИГНУВАЊЕ НА ЕТИЧКАТА СВЕСТ НА РАБОТНИЦИТЕ ПРЕКУ ДОСЛЕДНО ПОЧИТУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА И ПОДЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА

Интегритетот претставува темелна вредност во работењето на Министерството и е клучен при градење на довербата на граѓаните. Под поимот „интегритет" подразбираме законито, професионално, етичко, независно, непристрасно, одговорно и транспарентно вршење на работните задачи со што работниците го штитат својот углед и угледот на институцијата во која се вработени. При извршувањето на работните задачи, работниците во Министерството потребно е да се водат од Општите начела кои се предвидени во Законот за внатрешни работи: „Начело на законитост", „Начело на соодветна и правична застапеност", „Начело на управување со ефектот на работниците", „Начело на професионална етика, непристрасност и објективност", „Начело на транспарентност и доверливост", „Начело на одговорност", „Начело на спречување судир на интереси" и „Начело на економично користење на средства".

Градењето на систем за интегритет во рамките на Министерството претставува збир од програми, политики, стандарди, процедури кои ја зајакнуваат отпорноста кон корупцијата и го намалуваат ризикот од коруптивно постапување од страна на работниците во Министерството. Во таа насока Министерството донесе „Политика за интегритет" која е јавно објавена на веб страната.

Интегритетот на работниците во Министерството претставува принцип на постојано постапување во согласност со етичките вредности и почитување на законската и подзаконската регулатива. Истите потребно е да се однесуваат примерно и достоинствено, избегнувајќи активности и однесувања со кои може да се намали довербата и да се наруши угледот и интегритетот на Министерството.

Интегритетот на раководните работници е од особено значење, бидејќи тие преку воспоставување на високи професионални вредности ќе овозможат доследно почитување на законската и подзаконската регулатива при извршување на работните задачи од страна на работниците во Министерството.

Низа законски и подзаконски регулативи ги содржат и регулираат основните антикорупциски принципи, како што се законитоста, транспарентноста, отчетноста, одговорноста, фер третманот и непристрасноста при извршувањето на

работните задачи и примената на овластувањата, почнувајќи од највисокиот акт Уставот, преку законите, сè до етичките кодекси.

Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е еден од основните прописи кој ги уредува мерките и активностите за спречување на корупцијата во вршењето на јавните овластувања, службената должност и политиката, мерките и активностите за спречување на судирот на интереси.

Законот за заштита на укажувачи, ги регулира начинот и постапката за заштитено пријавување со кое се пренесува сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес. Од особена важност е работниците да започнат да го применуваат Законот за укажувачи и да се активираат каналите за заштита на идентитетот на укажувачите кои сакаат да пријават случаи на корупција во Министерството за внатрешни работи.

Врз основа на овој Закон, во Министерството за внатрешни работи донесено е Упатство за начинот на постапување за заштитено внатрешно и надворешно пријавување во Министерството, со кое е уредена и целосно разработена постапката за заштитено внатрешно и надворешно пријавување. Министерот за внатрешни работи со решение назначи овластено лице за прием на пријави, доставени заради заштитено внатрешно и надворешно пријавување во Министерството.

Со цел воспоставување на правила за однесување на работниците, меѓусебните односи, односот кон граѓаните и заштита на јавниот интерес, во Министерството за внатрешни работи донесен е Етички кодекс за однесување на работниците во Министерството во кој се консолидирани одредбите за етичките прашања и понудени се практични насоки во делот на полицискиот интегритет, конфликт на интереси, подароци и спречување на корупција.

За да се спречи појавата на коруптивно постапување на работниците во Министерството, не е дозволено барање или прифаќање на подароци (стоки и услуги или други добра) кои се наменети за нив лично или нивните семејства доколку нивното нудење или доделување е директно или индиректно поврзано со нивната професионална дејност.

Во Министерството донесено е Упатство за начинот на постапување на избраните и именувани лица и работниците во Министерството со цел спречување на судирот на интереси и Упатство за начинот на постапување со подароци, погодности и гостопримства во Министерството.

Министерот за внатрешни работи овласти лице за давање совети за интегритет, судир на интереси и примање на подароци. Податоците на овластеното лице се јавно објавени на веб страната на Министерството за

внатрешни работи, со цел полесен пристап на работниците при потребата за советување.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди ќе преземе мерки и активности преку спроведување на обуки за работниците во Министерството за внатрешни работи за теми кои се однесуваат на борбата против корупцијата, подигнување на нивото на професионалниот интегритет на работниците, спречување на судир на интереси и примање на подароци и запознавање на работниците во Министерството за внатрешни работи за значењето на Законот за укажувачите како важна алатка во борбата против корупцијата.

При спроведување на обуките, ќе се даде осврт дека со потенцијално коруптивно постапување на работниците би ги исполниле одредбите од Кривичниот законик на РСМ кои опфаќаат кривични дела со елементи на корупција, како што се: „Примање поткуп", „Давање поткуп", „Давање награда за противзаконито влијание", „Примање награда за противзаконито влијание", „Противправно стекнување и прикривање имот", „Прикривање на потеклото на несразмерно стекнат имот".

Воедно, за приближување на Етичкиот кодекс до работниците во Министерството, Одделот ќе преземе мерки и активности со цел печатење и споделување на џебни изданија на истиот.

## 3.2. СПРЕЧУВАЊЕ НА НЕЗАКОНИТО, НЕПРОФЕСИОНАЛНО И НЕЕТИЧКО ПОСТАПУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО

Еден од механизмите за спречување, детектирање и санкционирање на незаконито, непрофесионално и неетичко постапување на работниците во Министерството е предвиден во Законот за внатрешни работи. Имено, заради спречување на незаконито постапување на работниците во Министерството, а со цел јакнење на нивниот интегритет и превентивно дејствување, Министерството врши проверка на професионалниот интегритет, преку спроведување на тестови за професионален интегритет во електронска форма или во симулирана ситуација.

Тестот за професионален интегритет во електронска форма се спроведува врз основа на План за спроведување на тест за професионален интегритет во електронска форма, кој го донесува раководителот на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди. Планот за спроведување на тестот за професионален интегритет во електронска форма, може да се донесе ако Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, во рамките на своето работење утврди факти или врз

основа на податоци кои ги обработува, дојде до сознанија дека одреден работник во Министерството не постапува согласно закон, односно постапува спротивно на правилата и прописите. Резултатот од тестот за професионален интегритет во електронска форма може да биде позитивен или негативен.

Доколку работникот има негативен резултат на тестот за професионален интегритет во електронска форма:

- се спроведува тест за проверка на професионален интегритет во симулирана ситуација или

- Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди спроведува контрола на извршување на работите и задачите кои ги извршил тестираниот работник во текот на изминатата година.

Тестот за професионален интегритет во симулирана ситуација претставува контрола на постапувањето на работникот во Министерството во симулирана ситуација, која е идентична на неговите работни задачи и активности, без обврска за претходно известување на организациската единица во која е распореден и работи работникот. Резултатот од тестот за професионален интегритет во симулирана ситуација може да биде индикатор за поведување на предистражна постапка, процена и анализа на ризикот од корупција, промена на методологијата и процедурите за работа, утврдување на видот и потребата за обука на работниците, како и основ за поведување на дисциплинска постапка.

Тестот за професионален интегритет во симулирана ситуација се спроведува врз основа на План за спроведување на тестот за професионален интегритет во симулирана ситуација, кој го донесува раководителот на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во Министерството. Планот за спроведување на тестот за професионален интегритет во симулирана ситуација, може да се донесе во случај ако Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, во рамките на своето работење, утврди факти или врз основа на податоци кои ги обработува, дојде до сознанија кои укажуваат дека одреден работник во Министерството не постапува согласно закон, односно постапува спротивно на правилата и прописите или во случај кога резултатот од тестот за професионален интегритет во електронска форма на работникот е негативен.

Во текот на спроведување на тестот за професионален интегритет во симулирана ситуација се почитува начелото на законитост, основните човекови слободи и права и достоинството на работникот кој се тестира. Во текот на спроведување на тестот за професионален интегритет во симулирана ситуација, работникот кој се тестира не смее да се поттикнува на извршување кривично дело или повреда на службената должност и овластувања.

Активностите преземени за време на спроведувањето на тестот за професионален интегритет во симулирана ситуација не претставуваат дел од посебните истражни мерки пропишани со Законот за кривичната постапка.

Постапката за спроведување на тестот во симулирана ситуација може да се документира на видео и аудио запис и во текот на нејзиното спроведување може да се изнесуваат невистинити информации и да се користат легендирани средства и документи.

За спроведување на тестот за професионален интегритет во симулирана ситуација, Министерството може да ангажира и припадници на безбедносни органи на други држави.

Министерот за внатрешни работи ќе донесе подзаконски прописи за начинот на спроведување на тестот за професионален интегритет во електронска форма и за начинот на спроведување на тестот за професионален интегритет во симулирана ситуација најдоцна до мај 2026 година.

Со одредбите од Законот за внатрешни работи за спроведување на тестовите за професионален интегритет се елиминира можноста за политичко влијание врз спроведувањето на тестирањето на интегритетот, со тоа што истите нема да се вршат по иницијатива на Министерот за внатрешни работи или Директорот на Бирото за јавна безбедност.

За успешно спроведување на тестовите за професионален интегритет, Одделот ќе преземе мерки и активности за обука на работниците од Одделот за спроведување на тестовите.

Согласно законските одредби, Одделот ќе спроведе тестови за професионален интегритет во електронска форма и симулирана ситуација врз работниците во Министерството.

## 3.3. СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ ПРЕДВИДЕНИ ВО АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ

Планот за интегритет на Министерството за внатрешни работи е стратешки документ изготвен за областите кои се најмногу изложени на корупција и нарушување на интегритетот. Акцискиот план за негова реализација опфаќа мерки и активности за спречување на коруптивно постапување, како и избегнување и намалување на ризиците кои влијаат на интегритетот на работниците во Министерството. Во него се содржани сет на мерки за превенирање и елиминирање на можностите за настанување и развој на разни форми на коруптивно постапување, се дефинираат одговорните организациски единици, временските ограничувања, индикаторите за мерење на спроведувањето на мерките и предвидените цели за секоја од нив.

Врз основа на извршена сеопфатна анализа на статистички и аналитички податоци со кои располага Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди беа идентификувани области кои се најподложни на корупција и нарушување на интегритетот и беше направена проценка за појава на нови ризици од корупција во Министерството. За истите во акцискиот план предвидени се соодветни мерки и активности.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди ќе ги преземе потребните мерки и активности со цел реализација на планот, преку спроведување на обуки врз работниците во Министерството за јакнење на професионалниот и институционалниот интегритет, како и запознавање на работниците со Планот за професионален интегритет.

## 3.4. ПОЧИТУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА ОБВРСКА ЗА ДЕПОЛИТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИЦИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО

Деполитизацијата е еден од механизмите за обезбедување законито, професионално и непристрасно работење на Министерството. Таа подразбира отсуство на политички и партиски влијанија во извршувањето на работните задачи и управувањето со човечките, финансиските и материјалните ресурси. Со воспоставување на јасни законски и подзаконски регулативи, на работниците им се овозможува еднаков третман и транспарентност во работењето, со што се намалуваат ризиците од судир на интереси и коруптивно постапување.

Според Законот за внатрешни работи, работник во Министерството не смее да биде член на политичка партија, да основа, раководи, да ја застапува и претставува политичката партија или да биде член на органи и тела на политичка партија. Работникот не смее да носи или да истакнува партиски симболи во просториите или во службените возила на Министерството, партиски да се организира или дејствува во Министерството. Секој работник се обврзува на секои три години да доставува писмена изјава до надлежната организациска единица за управување со човечки ресурси дека не е член на политичка партија, не е основач, не раководи, не застапува и претставува политичка партија, односно не е член на органи и тела на политичка партија. Писмената изјава се чува во персоналното досие на работникот.

Во наредниот период, посебно внимание ќе биде посветено на деполитизација во Министерството. Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди ќе врши контрола на доставените изјави од страна на работниците согласно одредбите од Законот за внатрешни работи за забрана за членување во политички партии.

На овој начин, Министерството за внатрешни работи обезбедува припадноста на одредена политичка партија да не претставува услов за вработување, распоредување или унапредување, да нема влијание на професионален развој на работниците и нивното работење.

## 3.5. ПОЧИТУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА И ПОДЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА ВО ПОСТАПКИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ, РАСПОРЕДУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО

Управувањето со човечки ресурси согласно законската и подзаконската регулатива е значајно во борбата против корупцијата. Ризик од појава на коруптивно постапување се забележува во различни фази на управувањето со човечките ресурси, како во избор и селекција, распоредување, унапредување, откажување на договорот за вработување на работниците.

Согласно новиот Закон за внатрешни работи, потребно е Министерот за внатрешни работи да донесе подзаконски прописи за начинот на селекција и избор на лица кои засноваат работен однос во Министерството и за начинот на спроведување на селекција за распоредување и унапредување и остварување на системот на кариера на работниците во Министерството, акт за организација и работа на Министерството, акт за систематизација на работните места во Министерството, рамка на општи компетенции во Министерството, акт за платата за работните места во Министерството, акт за утврдување на вредноста на бодот, листа на сродни области и работи кои се вршат во Министерството и листа на работни места во Министерството за кои не се спроведува транспарентна постапка.

Во Законот за внатрешни работи нагласено е почитување на начелото на транспарентност во постапките при вработување во Министерството. Во истиот е предвидено засновање на работен однос врз основа на јавен оглас и по исклучок засновање на работен однос во Министерството без јавен оглас за работни места за кои во актот за систематизација на работните места во Министерството, поради видот и природата на работните задачи, како и посебните услови под кои тие се извршуваат, е утврдено дека може да се спроведе постапка за вработување без јавен оглас.

Во постапките за распоредување на работниците во Законот за внатрешни работи предвидено е распоредување на работниците на друго работно место во транспарентна постапка, преку објавување на интерен оглас или распоредување на работниците на друго работно место во нетранспарентна постапка согласно одредбите од Законот.

Постапката за унапредување има за цел да им овозможи на работниците во Министерството кариерно напредување, односно преминување од пониски на повисоки работни места во хиерархијата на работни места, по вид или категорија. Унапредувањето на работниците се врши во транспарентна постапка преку објавување на интерен оглас и унапредување на работниците во нетранспарентна постапка согласно одредбите од Законот.

Оценувањето на работата на работниците во Министерството е од значење за нивниот кариерен развој и нивното унапредување. Непосредниот раководен работник е должен континуирано да ја следи работата на работниците со кои раководи во текот на целата календарска година и по потреба може да предлага мерки за подобрување на нивната работа.

Преку транспарентно спроведени постапки за вработување, распоредување и унапредување во Министерството ќе се обезбеди намалување на можноста од коруптивно постапување.

За таа цел неопходна е континуирана и специјализирана обука на работниците кои ги спроведуваат постапките за вработување, распоредување и унапредување на работниците во Министества.

Со цел овозможување транспарентност во постапките за вработување во Министерството врз основа на јавен оглас, Одделот за односи со јавност и стратешки прашања ќе продолжи јавните огласи редовно да ги објавува на веб страната на Министерството.

## 3.6. ПОЧИТУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА ОБВРСКА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ИМОТ/ИНТЕРЕСИ ОД СТРАНА НА РАБОТНИЦИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО

Пријавувањето на имотна состојба и интереси е една од превентивните мерки во борбата против корупцијата и судирот на интереси. Со оваа законска обврска се намалува можноста за незаконско стекнување имот, прикривање на приходи или злоупотреба на службената положба за лична корист.

Следење на имотната состојба и судирот на интереси на работниците е уредена во Законот за внатрешни работи каде е наведено дека при засновање на работен однос во Министерството, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на склучување на договор за вработување, работниците во Министерството поднесуваат изјава за имотна состојба и интереси, до Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, на образец што го пропишува Државната комисија за спречување на корупцијата согласно закон.

Работниците во Министерството се должни во рок од 30 дена од денот на настанатата промена да пријават зголемување на нивниот имот, односно на имотот на член на нивното семејство, како и промената на интереси, во постапка и

под услови утврдени со закон, до Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, на образец што го пропишува Државната комисија за спречување на корупцијата согласно закон.

Исто така, работниците во Министерството задолжително поднесуваат изјава за имотната состојба и интереси до Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во Министерството во рок од 30 дена од денот на прекинувањето на договорот за вработување.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди врши евидентирање на поднесените изјави за имотни состојби и интереси од страна на работниците во Министерството. Доколку Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, утврди факти или дојде до сознанија кои укажуваат дека одреден работник во Министерството постапува спротивно на одредбите на овој член, во соработка со други организациски единици во Министерството спроведува постапка за проверка на точноста на податоците пријавени во изјавата за имотна состојба и интереси и спроведува контрола врз промените во финансиската состојба на тој работник.

Во таа насока во периодот 2026-2028 година Одделот ќе продолжи со евидентирање на поднесените изјави за имотни состојби и интереси од страна на работниците во Министерството. Во случај кога Одделот ќе утврди отстапување од законската обврска, навремено ќе преземе мерки согласно своите надлежности.

Од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, ќе бидат спроведени обуки на работниците во Министерството за почитување на законските и подзаконските регулативи за пријавување на имотна состојба и судир на интереси.

Воедно, Одделот ќе спроведе контроли за проверка на точноста на податоците пријавени во изјавата за имотна состојба и судир на интереси и контроли врз промените во финансиската состојба на работниците.

## 3.7. КОНТИНУИРАНА И СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА ОБУКА НА РАБОТНИЦИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО

Континуирана обука на работници во Министерството се врши заради поуспешно вршење на работните задачи од страна на работникот на работното место на кое е распореден, односно заради обезбедување на ефикасно извршување на надлежностите на Министерството.

Обуките претставуваат значајна превентивна мерка за јакнење на интегритетот, транспарентноста и одговорноста во работењето на работниците во

Министерството. Истите се постојан процес со кој се придонесува за градење на организациска култура заснована на етички вредности и почитување на законите.

Со спроведувањето на обуките, работниците се запознаваат со важечката законската и подзаконска регулатива која се однесува на делокругот на нивното работење со цел обезбедување законито и професионално постапување во извршувањето на секојдневните работни задачи.

Организациските единици задолжени за изготвување на годишните програми за обука на работниците во Министерството имаат обврска во годишните програми да планираат и соодветни обуки од областа на антикорупцијата со посебен акцент на службите кои се најподложни на корупција и коруптивно однесување.

Во периодот од 2026-2028 година, надлежните организациски единици ќе продолжат да ги спроведуваат потребните обуки врз работниците во Министерството. Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди активно ќе учествува во спроведување на обуките во областа на антикорупцијата.

## 3.8. УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА И ИНСТИТУЦИИТЕ, НЕВЛАДИНИТЕ И МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ НАДЛЕЖНИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

Меѓуинституционалната соработка преку заеднички и унифициран пристап има голема улога во борбата против корупцијата и криминалот. Во таа насока од голема важност е јакнење на соработката на соодветните организациски единици во Министерството преку навремена размена на информации и податоци со Специјализираното одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во рамки на Јавното обвинителество за гонење на организиран криминал и корупција и надлежните Основни јавни обвинителства.

Министерството развива соработка со други органи на државна управа и институции за спречување и борба против корупцијата.

Корупцијата излегува надвор од националните граници на државата и ниту една држава не може самостојно да се справи со корупцијата без заеднички и координиран пристап со останатите држави и меѓународни организации.

Со цел зајакнување на меѓународната соработка во борбата против корупцијата, интегриран пристап кон заедничката работа вклучувајќи ги сите форми на засилена соработка и размена на информации, како и нејзино понатамошно развивање, продлабочување и проширување, експертска надградба,

Министерството за внатрешни работи претставувано преку Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди ќе биде дел од активностите на: Мрежата за зајакната соработка на единиците за внатрешна контрола од регионот и пошироко (NERCISU), ЕРАС – Европското партнерство против корупцијата, Мрежата за внатрешни истраги воспоставена од страна на Шведската полиција (ICIN), ОБСЕ - Платформа за борба против корупција во граничната полиција, ќе соработува со Регионалната антикорупциска иницијатива RAI и Центарот за безбедносна соработка за земјите од Југоисточна Европа RACVIAC.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди како надлежна организациска единица која презема мерки и дејствија за откривање и сузбивање на кривични дела со елементи на корупција и други форми на коруптивно постапување во Министерството, континуирано соработува со сродни служби од други држави, меѓународни институции и организации и ќе продолжи да развива најширока можна меѓународна соработка во сите области за борба против корупцијата.

Министерството за внатрешни работи ќе презема активности од областа на борба против корупцијата и заштита на човековите слободи и права, преку склучување на меморандуми, договори или протоколи за воспоставување на соработка со органи на државната управа и институции, невладините и меѓународни организации и други субјекти.

## 3.9. СООДВЕТНА ПРИМЕНА НА ДИСКРЕЦИОНИТЕ ОВЛАСТУВАЊА ОД СТРАНА НА РАБОТНИЦИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО

Работниците во Министерството при извршување на работните задачи постапуваат согласно законите, правилата, прописите и професионалните стандарди кои се применуваат во Министерството за внатрешни работи. Потребно е секој работник да го почитува Етичкиот кодекс за однесување на работниците, со цел обезбедување на законитост, професионален интегритет, високи стандарди, ефикасност, ефективност, посветеност и зголемена одговорност при вршењето на работните задачи, зајакнување на интегритетот на Министерството во целина, како и почитување на човековите права, преку еднаков третман и недискриминација, без никаков личен интерес, почитувајќи ги туѓите права и достоинство.

Законска обврска на полициските службеници е во вршењето на работите и работните задачи да го штитат и чуваат животот и имотот на граѓаните, да ги почитуваат слободите и правата на човекот и граѓанинот и да ги применуваат на пропишан начин само мерките и средствата на присилба што се утврдени со закон

или друг пропис. Со пречекорувањето на примената на законски утврдените полициски овластувања и прекумерната употреба на средствата за присилба директно ги повредуваат човековите права и слободи на граѓаните.

Со цел соодветна примена на дискреционите овластувања, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во соработка со надлежните организациски единици, тековно ќе одржува обуки на кои ќе се обработуваат теми поврзани со законито применување на дискреционите овластувања од страна на работниците во Министерството.

Воедно, Одделот ќе спроведе контроли врз работењето на работниците во Министерството со цел откривање на случаи на пречекорување на дискреционите овластувања.

## 3.10. ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА МИНИСТЕРСТВОТО

Министерството за внатрешни работи е орган на државната управа во кој работниците при секојдневното извршување на работните задачи остваруваат контакти со граѓаните. Истите, работните задачи треба да ги извршуваат транспарентно и доверливо со цел одржување на високо ниво на доверба кај граѓаните.

Правен акт врз кој се темели транспарентноста е Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Со цел да се зајакне отвореноста и транспарентноста на институциите и да им се овозможи на граѓаните и на другите институции да го остваруваат правото на слободен пристап на информации, Законот предвидува низа обврски и должности за институциите како иматели на информации. Во истиот се содржани и одредби за проактивно објавување на информации, односно за самостојно објавување на информации.

Министерството, преку Одделот за односи со јавност и стратешки прашања, редовно ја информира јавноста за своето работење преку објавување на извештаи за постигнати резултати и ефикасност во работењето, статистики, правилници и други информации од интерес за јавноста. Воедно, остварува континуирана комуникација со медиумите (домашни и странски) преку одговарање на поставени новинарски прашања, како и со граѓаните по однос на различни прашања од нивен интерес. Одделот, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер доставува одговор до подносителите на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер од делокругот на работењето на Министерството.

Со цел континуирано зголемување на транспарентноста на Министерството, надлежната организациска единица ќе спроведе обуки од областа на транспарентното работење за работниците во Министерството.

Одделот за односи со јавност и стратешки прашања ќе продолжи со навремено објавување на информации за работата на Министерството кои се од интерес на јавноста.

## 3.11. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ВНАТРЕШНИ КОНТРОЛИ ОД СТРАНА НА ОДДЕЛОТ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА, КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди претставува контролен механизам на Министерството за внатрешни работи врз работата на работниците во Министерството. Одделот презема мерки и активности, кои се насочени кон утврдување на непрофесионално, незаконито и неетичко постапување на работниците во Министерството, како и преземање на мерки и активности за нивно спречување.

Работниците од Одделот спроведуваат контроли по сопствена иницијатива, на барање на надлежниот јавен обвинител, врз основа на информации до кои самостојно доаѓаат или службени материјали доставени од полициски службеници и други работници во Министерството. Одделот постапува по примен усен или писмен поднесок поднесен од страна на граѓанин или друг субјект, со цел утврдување на вистинитоста на наводите изнесени во него.

Доколку при спроведување на контролите се утврди незаконито, непрофесионално или неетичко постапување од страна на работниците во Министерството, Одделот изрекува задолжителни мерки или препораки/укажувања.

Одделот превентивно ќе влијае во спречувањето и борбата против корупцијата во Министерството, преку спроведување на зачестени контроли врз работењето на работниците во организациските единици во кои се утврдени ризиците од коруптивно постапување при преземање на службените дејствија.

Работниците од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди ќе учествуваат на обуки од областа на водење на криминалистички истраги во соработка со Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и Основниот кривичен суд и за вршење на внатрешна контрола и контрола на професионалните стандарди.

## 3.12. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ ПРОЦЕСИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО

Дигитализацијата на работните процеси во Министерството ја подобрува ефикасноста при работењето, ги забрзува процесите, го намалува човечкиот

контакт и можностите за корупција, овозможува висока транспарентност на сите нивоа, ја подобрува интеракцијата помеѓу учесниците и ги олеснува контролите, анализата на податоци и откривањето на корупција.

Министерството презеде чекори за проширување на електронското управување со предмети, зголемување на обемот на дигитална архива, унапредување на евиденциите преку централизирани информациски системи. Исто така се зголеми бројот на услуги кои се достапни преку Националниот портал за електронски услуги, при што беа воведени нови дигитални решенија за електронско издавање на потврди за сопственост и поседување моторни возила, подобрен систем за електронско закажување за лични документи и друго.

Во Министерството предвидени се повеќе проекти и активности од обласга на дигитализацијата на работните процеси. Помеѓу нив се поврзување на сите организациски единици во делот на електронска дистрибуција на документи, воспоставување електронски архиви, обновување и проширување на ИТ инфраструктурата, изработка на нови веб сервиси за поврзување со други институции, зголемување на мрежната безбедност од сајбер напади и друго.

Министерството ќе продожи да презема мерки и активности за дигитализација на работните процеси и услуги кои им ги овозможува на граѓаните. За истите ќе бидат изработени соодветни законски и подзаконски регулативи и за користење на истите ќе бидат спроведени соодветни обуки на работниците во Министерството.

## 4. ОБВРСКА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АНТИКОРУПЦИСКАТА ПРОГРАМА

Имплементацијата на Антикорупциската програма 2026-2028 е обврска на сите раководители на организациските единици и треба да придонесе кон намалување на нивото на корупција, зајакнување на интегритетот, транспарентноста и отчетноста на Министерството, а сите работници да дадат свој придонес за доследна и неселективна борба против корупцијата.

Во Акцискиот план за спроведување на Антикорупциската програма јасно се дефинирани надлежните организациски единици и нивните задачи со кои би се остварила заедничката цел за сведување на корупцијата на најниско ниво.

Антикорупциската програма на Министерството за внатрешни работи станува дел од Годишната програма за обуки. Потребно е секоја организациска единица задолжена за реализација на обврските од Антикорупциската програма да изготви извештај со активности и временски период за нивно реализирање во тековната година.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди преку воспоставен механизам за контрола е надлежен да ја следи реализацијата на Антикорупциската програма и активностите утврдени во Акцискиот план, кој е составен дел на истата.

**МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**м-р Панче Тошковски**